**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-191/5**
**Скопје, 11.03. 2008 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на единицата на локална самоуправа Ѓорче Петров сметка на Органот за 2006 година кои се прикажани на страните од 10 до 12 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Ѓорче Петров за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи, од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Сокол Митровски – градоначалник на општина Ѓорче Петров во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 9 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај, е планирана и извршена во периодот од 26.11 до 19.12.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива, и
- дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.



***Овластен државен ревизор***
______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 27.02.2008 година примени се забелешки по Предходен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на општина Ѓорче Петров за средствата на сметката на Органот, под број 05 - 330/2 од 25.02.2008 година, од законскиот застапник – Градоначалникот на општина Ѓорче Петров. Истите се разгледани при што е одлучено следното:

- забелешките на наодите од точките 10.2.3. ; 10.5.1. и 10.5.2. не се прифаќаат и наодите остануваат во Конечниот извештај, забелешките кои се однесуваат на наодите од точките 10.2.4. и 10.5.3. делумно се прифаќаат, а забелешките кои се однесуваат на наодот од точка 10.6.3. се прифаќаат.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Систем на интерни контроли во процесите**

**11.1.1. Процес на плаќање**

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека и покрај јасно дефинираната организациона структура и соодветното разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените согласно актот за систематизација и функционирањето на воспоставените контроли во овој процес, постои ризик од непостоење пишани процедури во делот движење на документацијата, уредно ликвидирање и навремено евидентирање на истата, како и во отсуство на пишани процедури за движење на документацијата и евидентирање на залихите за материјалите кои ги набавува и користи општина Ѓорче Петров.

**Препорака:**

Градоначалникот како одговорно лице да превземе активности за донесување на пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во процесот на безготовинско и готовинско плаќање, контролата и движењето на сметководствените документи, како и воведување на материјална евиденција за набавката и употребата на материјалите.

**11.1.2. Процес на јавни набавки**

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на јавни набавки ревизијата утврди дека и покрај запазување на постапките за јавни набавки предвидени со Законот, постои ризик од необезбедување на транспарентност, поради следново:

- не е донесен Правилник за набавки од мала вредност;
- планот за јавни набавки не ги содржи вкупните набавки на добра, услуги и работи планирани за 2006 година;

- во одредени случаи не е извршен правилен избор на видот на постапката за јавна набавка во зависност од предметот на набавка;
- во одлуката за набавки од мала вредност често не се наведуваат количините на добрата, услуги и работи кои ќе се набавуваат;

**Препорака**
Во функција на начелото на транспарентно работење, Градоначалникот како одговорно лице да создаде услови да се изгради систем кај јавните набавки кој ќе функционира согласно постојната законска регулатива.

### 11.2. Неправилна примена на акти

11.2.1. Спротивно на член 16 од Одлуката за извршување на буџетот на општина Ѓорче Петров, средствата од тековната резерва, а кои се доделувани за еднократна финансиска помош за физички лица, не се трошени врз основа на одлуката на советот, туку врз основа на поединечни решенија донесени од градоначалникот. Во услови на колизија на законските прописи во 2006 година, кои го регулираат користењето на средствата од тековната резерва, и неизградени критериуми од страна на администрацијата на општината, непочитувањето на интерните актите придонесува за субјективно одлучување во користењето на средствата на општината. Советот на општината го има разгледувано и усвоено Извештајот за трошење на средствата од резервите, изготвен од општинската администрација.
**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице е должен да создаде услови за почитување на актите усвоени од Советот согласно постојната законска регулатива.

11.2.2. Исплатата на надоместокот за регрес за годишен одмор не е утврдена со Одлуката за извршување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2006 година. И покрај тоа, на вработените им е исплатен надомест за регрес за годишен одмор. Ваквиот начин на работење во услови на постоење на колизија во делот на законската регулатива која го регулира ова прашање, придонесува за недефинирано право на исплата на надомест за регрес за годишен одмор и зголемени трошоци.
Со Одлуката за извршување на буџетот на општина Ѓорче Петров за 2008 година, правото на регрес за годишен одмор е утврдено во посебен член од истата согласно одредбите од Законот за исплата на плати.

11.2.3. Општина Ѓорче Петров во септември 2005 година има набавено патничко моторно возило со долгорочно задолжување кај Еуро Лизинг ДООЕЛ Скопје (3 години). Задолжувањето на општината е направено спротивно со одредбите од членовите 20 и 50 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, односно без согласност од Советот на општината, без спроведена јавна расправа и без согласност на Министерството за финасии. Надлежните лица во општината не го доставиле договорот за лизинг и амортизациониот план до Министерството за финансии.
Непочитувањето на законските одредби создава можности за субјективно одлучување на одговорните лица при утврдување на намените и целите на долгорочното задолжување на општината, без можност за учество во процедурата од страна на надлежните органи и незаконско задолжување на општината.
**Препорака:**
При долгорочно задолжување на општината да се обезбеди целосна примена на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа со јасно разграничување на надлежностите на Градоначалникот и Советот.

11.2.4. Во текот на 2006 година од средствата на општина Ѓорче Петров направени се трошоци во износ до 2,610 илјади денари и тоа:

- 1,236 илјади денари за набавка на книги за училишните библиотеки, за ученици од социјално загрозени семејства, за карневалска облека за ученици и за други потреби на училиштата;
- 963 илјади денари за прослава на денот на општината - 90 години од постоење на општина Ѓорче Петров;
- 411 илјади денари за организирање фудбалски турнири, новогодишни коктели и коктели по повод ставање во функција на комунални објекти.

Во функција на економично и транспарентно работење администрацијата нема изготвено, а советот нема донесено соодветни програми со кои би се дефинирале кои потреби на буџетските корисници и со колкав износ на средства би се финансирале, кои свечености, прослави, културни и спортски манифестации ќе се финансираат од буџетот на општината. Непостапувањето на органите на општината согласно ингеренциите предвидени во Законот за локална самоуправа, создава услови за субјективно утврдување на потребните активности, нелимитирани трошоци и ненаменско користење на средствата на општината.
Во текот на ревизијата беа изготвени програми за финансирање на културни манифестации и спортски активности во општината за 2008 година.

### 11.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

11.3.1. Евидентирањето на набавките и давањето во употреба на ситниот инвентар не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради тоа што:

- не е пропишана сметководствена политика за вреднување и евидентирање на ситниот инвентар;
- поради неевидентирање на набавките на ситен инвентар до 2006 година службите на општина Ѓорче Петров не располагаат со податоци за вредноста на ситниот инвентар во употреба;
- не се изготвуваат реверси за задолжување на вработените со ситен инвентар поради што се нема увид во бројната состојба на алатот и ситниот инвентар со кој располага општината како и фунционалноста на истиот.
- по спроведениот попис за канцелариския ситен инвентар не се изготвени пописни листи што е спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

Недоследната примена на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници придонесува за нереално проценување на билансните позиции.
**Препорака:**

- Да се изврши реверсно задолжување на лицата со ситниот инвентар и алатот кој им е даден на користење.
- Одделението за сметководство да врши евидентирање на ситниот инвентар и материјалите, согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

### 11.4. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

11.4.1. Ставката Основни плати и надоместоци е повеќе искажана за износ од 194 илјади денари за незаконски исплатените средства за паушален надомест на Градоначалникот, што е спротивно на Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избирани и именувани лица.
Од април 2007 година овој паушал повеќе не се исплаќа.

11.4.2. Донесена е Одлука за утврдување надоместоци за присуство на седници и за патни и дневни трошоци за членовите на Советот на општина Ѓорче Петров, Одлука за изменување и дополнување на истата и Решение за определување на надоместокот

на Претседателот на Советот на Општина Ѓорче Петров, со кои покрај законски утврдениот надомест, за Претседателот на Советот и советниците се утврдени следниве надоместоци:

- месечен надомест на Претседателот за извршување на работните задачи;
- месечен надомест за патни трошоци;
- месечен надомест за присуство на седници на постојаните и привремените комисии на Советот;
- месечен надомест за присуство на Претседателите на постојаните и привремените комисии на седници на комисиите;
- месечен надомест за трошоци за работа на терен, за контакти со граѓани и институции, за посета на определени објекти во населените места и други задачи;
- надомест за присуство при склучување на бракови.

Поради неусогласеност на горе наведените одлуки и решение со член 45 и 100 од Законот за локалната самоуправа, ревизијата утврди незаконски потрошени средства во вкупен износ од 3,910 илјади денари.

**Препорака:**

- Градоначалникот како одговорно лице да превземе активности за враќање на незаконски исплатените средства.
- Советот да донесе Одлука со која висината на надоместоците ќе биде согласно Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица.

11.4.3. Од увидот на документацијата за направените расходи при патувањата во странство, ревизијата го констатира следново:

- Во одлуките за патувања во странство за градоначалникот и члeновите на Советот, донесени од претседателот на комисијата за мандатни и имунитетни прашања не се дефинирани трошоците што се признаваат за време на патувањето;
- Во решенијата донесени од градоначалникот за патувања на вработените во странство, не се дефинирани трошоците што ќе се признаваат за време на патувањето;
- За дел од патувањата во странство, исплатата на дневниците се врши во износи повисоки од утврдените со Решението за највисоки износи на дневниците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управата им се признаваат во тековни трошоци поради што незаконски се потрошени 109 илјади денари;
- При патувањата во странство направени се дополнителни расходи што е спротивно на одредбите од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци за што незаконски се потрошени 167 илјади денари.

Признавањето на расходи спротивно на одредбите од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци придонесува за зголемени расходи и незаконско трошење на средствата.

**Препорака:**

- Градоначалникот како одговорно лице да превземе мерки да се вратат незаконски повеќе исплатените дневници за патувањата во странство;
- Во актите за патување во странство да се дефинираат трошоците кои ќе бидат на терет на општината, применувајќи ги одредбите од Уредбата.

11.4.4. Од средствата на општина Ѓорче Петров исплатени се 123 илјади денари по основ на колективно осигурување на вработените, што е спротивно на Законот за работни односи, и има за ефект незаконско трошење на средствата што претставуваат јавни расходи на општината.

**Препорака:**
Личното осигурување на вработените да се надоместува од нето платите на истите.

11.4.5. Општина Ѓорче Петров има ангажирано лица за извршување на работи со кои има склучено договори за дело што е спротивно на Законот за работни односи. Во периодот од 23 април 2006 година до крајот на 2006 година исплатени се 2,197 илјади денари за кои е пресметан и платен персонален данок на доход. За времено ангажираните лица, надлежните во општината, почнувајќи од 23 април 2006 година биле должни да постапат согласно Законот за агенциите за привремени вработувања со што ангажирањето на овие лица ќе го усогласат со истиот. Непочитувањето на одредбите од наведениот закон има за ефект непресметани и неплатени придонеси и нереално искажани расходи во сметководството и Билансот на приходи и расходи за 2006 година.
**Препорака:**
Ангажирањето на лица за слободните работни места да се врши во согласност со Законот за работни односи, според кој не е дозволено вработување на лица по договор на дело.

11.4.6. Ревизијата не се убеди во објективноста на дел од расходите на ставката Други тековни расходи за износ од 427 илјади денари направени по основ на фактури и сметкопотврди за угостителски услуги од кои не е можно да се утврди:

- за кого е услугата (гости од странство или домашни гости од други градови, институции),
- кој е корисник на услугата од општината и по кој повод истата е извршена.

Општина Ѓорче Петров нема акт со кој се регулира правото на користење на угостителски услуги во земјата и во странство, кој може да биде корисник на ваква услуга и во кои услови (протоколарни и официјални посети на домашни и странски гости, работни средби и слично).
**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице да иницира постапка за донесување интерен акт заради дефенирање на овластеното лице, висината на репрезентацијата и во кои случаи актот ќе се применува.

**11.5. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

11.5.1. Ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на проценетата вредност на позицијата Материјални средства поради тоа што службите во општина Ѓорче Петров немаат извршено евидентирање на имотот добиен согласно Решението број 23-257/47 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Ѓорче Петров врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на Република Македонија.
За имотот со кој располага и е нејзина сопственост, покрената е постапка за обезбедување имотни листи од Државниот завод за геодетски работи Одделение за премер и катастар, Скопје.
**Препорака:**
До обезбедување имотни листи за имотот добиен со решението од Влада на Република Македонија, да се изврши проценка на имотот согласно Методологијата за проценка на пазарната вредност на недвижниот имот а службите да извршат вонбилансно евидентирање на истиот.

11.5.2. Во сметководството на општина Ѓорче Петров не се евидентирани вложувањата во материјални средства (улици, патишта, колектор, и други комунални објекти). Во текот на 2006 година, извршено е вложување и реконструкција во вкупен износ од 21.114 илјади денари кои не се евидентирани како зголемување на вредноста на истите и истовремено зголемување на Државниот - јавен капитал. Ваквото

постапување е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално искажани состојби на средствата и изворите на средства во финансиските извештаи.

**Препорака:**

Да се пропише сметководствена политика за евидентирање на капиталните вложувања на соодветните конта за материјалните и нематеријалните средства и државниот- јавен капитал.

11.5.3. Позициите Обврски спрема државата и други институции и Активни временски разграничувања во Билансот на состојба на 31 декември 2006 година се помалку искажани во поединечен износ од 70 илјади денари. Ова се должи на непресметан и не платен персонален данок на исплати во вкупен износ од 671 илјада денари кои подлежат на одредбите од Законот за персонален данок на доход. (Прилог бр.1)

Причина за ваквата состојба е непочитување на Законот за персонален данок на доход.

**Препорака:**

Општинската администрација во секторот за финансии доследно да ги почитува одредбите од Законот за персонален данок на доход и да го пресмета и плати непресметаниот и неплатен персонален данок квантифициран во наодот.

## 10.6 Ненаменско и незаконско користење на средствата

### 10.6.1. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

10.6.1.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки и тоа:

- Општина Ѓорче Петров како набавувач не води регистар за постапките на јавни набавки, што е спротивно на член 17 од Законот;
- Со планот за јавни набавки на општина Ѓорче Петров не се опфатени некои јавни набавки од тековната година (од отворен и ограничен повик) како и набавките од мала вредност што е спротивно на член 11 од Законот;
- Комисијата при изработка на тендерската документација за Отворен повик и Ограничен повик – втора фаза не изготвува модел на договор, спротивно на член 36 став 6 од Законот и член 6 од Правилникот за задолжителни елементи на тендерската документација;
- Во постапките за набавки од мала вредност, Комисијата за јавни набавки не подготвува Извештај за евалуација, туку бодирањето го вклучила во Записникот од јавното отварање, спротивно на член 53 од Законот и не доставува писмено Известување за избор на најповолен понудувач до понудувачите што е спротивно на член 55 од Законот;
- Спротивно на член 72 став 2 од Законот, не е изготвен и донесен интерен акт - Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност;
- Членовите на комисијата за јавни набавки по отварањето на понудите не поднесуваат изјава во писмена форма за постоење или непостоење на конфликт на интереси, спротивно на член 21 од Законот;
- Склучени се анекс договори во износ од 1,922 илјади денари без согласност од Бирото за јавни набавки спротивно на член 67 од Законот и тоа :
    1. по договор со вредност од 3,735 илјади денари за изградба на тротоар на локалитетот- Пат за Волково – анекс договор 747 илјади денари;
    2. по договор со вредност 206 илјади денари за заградување на предпросторот (тремот) пред влезот на зградата на Општината Ѓорче Петров - анекс договор 41 илјади денари;

3. по договор со вредност од 589 илјади денари за санација и поправка на системот за парно греење во О.У „Мирче Ацев„ и О.У „Ѓорче Петров"- анекс договор 60 илјади денари;
4. по договор со месечна вредност на договорот од 153 илјади денари за обезбедување на објектите (згради на општината, канцеларии на месните заедници и основните училишта) – и анекс договор од 31 илјади денари месечно;
5. по договор со вредност од 7,282 илјади денари за изградба на паркинг простор спроти пазарот - анекс договор 702 илјади денари;

- Без спроведена постапка за набавка од мала вредност извршени се набавки во износ од 988 илјади денари (Прилог: табела 2).

10.6.1.2. Спроведена е постапка за тековно одржување на инсталациите на јавното осветлување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров преку постапка за Ограничен повик (1/2006). Во втората фаза на постапката, донесена е Одлука за избор на најповолен понудувач со која се избрани сите 6 понудувачи кои доставиле понуди. Не е изготвена ранг листа на понудите, туку изготвени се ценовници по одделени ставки и позици и истите се доставени на сите понудувачи. Овие ценовници се составен дел на договорите за ангажирање на фирмите што е спротивно на членовите 50, 53 и 54 од Законот за јавни набавки. Во текот на 2006 година најголем дел од работите на уличното осветлување ги има извршено една фирма (извршени работи во вредност од 5.132 илјади денари).

Неспроведувањето на постапки за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки, ја намалува транспарентноста и ја спречува конкуренцијата.

**Препорака:**

Градоначалникот како одговорно лице да создаде услови за спроведување на јавните набавки согласно законската регулатива која е во примена.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.3.1.,11.4. и 11.5. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Ѓорче Петров под 31 декември 2006 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.2.5.; 11.4.1., 11.4.2, 11.4.3, 11.4.4, 11.4.6. и 11.6., кај Органот на општина Ѓорче Петров остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

14. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека во однос на судските спорови што ги води општина Ѓорче Петров:

- Општината е тужена странка во судски спорови со 4 физички лица по основ надоместоци на плати и придонеси од кои за 3 од нив е утврден долг во износ од 1,352 илјади денари (за едена постапка нема утврдено износ) кои постапки се во тек. Овие лица биле вработени во месните заедници;
- Со три физички лица се води спор за надомест за одземено земјиште и право на користење на земјиште без утврдена вредност на побарувањата;
- Општината е тужена страна во судски спорови со правни лица по основ долг во износ од 3,078 илјади денари, постапки кои се во тек;
- Општина Ѓорче Петров е тужител во спор со правно лице по основ поништување на купопродажен договор без утврдена вредност,

Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Ѓорче Петров за годината која завршува со 31 Декември 2006 година.

## 15. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Органот на општина Ѓорче Петров во текот на ревизијата:

### 15.1. Корекции кај Билансот на состојба

15.1.1. Извршено е намалување на сметката Материјални средства во подготовка во износ од 1.433 илјади денари со истовремено зголемување на сметката Опрема во износ од 2.096 илјади денари и на сметката Деловен фонд во износ 663 илјади денари, за набавено патничко моторно возило Ауди А4 по пат на лизинг, обезбеден преку Еуро Лизинг ДООЕЛ Скопје.

15.1.2. Извршено е зголемување на сметката Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на материјалните средства во износ од 393 илјади денари со истовремено намалување на сметката Деловен фонд во истиот износ, за непресметанта амортизација за 2005 и 2006 година за набавеното патничко моторно возило Ауди А4 со лизинг.

15.1.3. Извршено е евидентирање на краторочните и долгорочните обврски што ги има општина Ѓорче Петров а кои произлегуваат од договорот за лизинг со Евролизинг – Скопје во смисла на нивно разграничување на краткорочни и долгорочни обврски.

- Активни временски разграничувања и Други краткорочни обврски секоја во подинечен износ од 881 илјади денари (за главницата - 707 илјади денари и камата – 174 илјади денари) по основ на краткорочни обврски за 2006 година и
- Активни временски разграничувања и Други долгорочни обврски секоја во подинечен износ од 1,002 илјади денари (за главницата - 872 илјади денари и камата – 130 илјади денари) по основ на долгорочни обврски за 2007 и 2008 година.

15.1.4. На ставката Обврски спрема добавувачи извршено е сторнирање на долговно салдо од 1,558 илјади денари кон Евролизинг- Скопје, а поради погрешно евидентирање на платените месечни ануитети како плаќање на обврски, без при тоа да има валиден документ за обврските. Како резултат на ова сторниран е истиот износ на ставката Активни временски разграничување како коресподентна ставка на ставката Обврски спрема добавувачи.

15.1.5. Во текот на ревизијата извршено е евидентирање на ситен инвентар во вкупен износ од 306 илјади со што состојбата на сметките Ситен инвентар во употреба и Исправка вредност на ситниот инвентар се зголеми поединечно за истиот износ. Исто така се изврши зголемување на прометот на сметката Извори на капитални средства за наведниот износ без промени на салдото.

15.1.6. Извршено е прекнижување на долговното салдо од добавувачот Маврово-Скопје на сметката Аванси, депозити и кауции за набавка на стока, за повеќе исплатени средства во 2003 година, кои не се побарани назад ниту е извршена услуга за нив.

**Скопје 03.03.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**ОРГАН НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 80.284 | 43.275 |
| **Вкупно приходи** | | **80.284** | **43.275** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 19.661 | 13.179 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 248 | 395 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 33.377 | 19.332 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 173 | 53 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 1.761 | 601 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **55.220** | **33.560** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 25.064 | 9.715 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **25.064** | **9.715** |
| **Вкупно расходи** | | **80.284** | **43.275** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **0** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 5 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 6.848 | 601 |
| Залихи | - | 0 | 70 |
| Аванси, депозити и кауции за набавка на стока | 4.1.3. | 64 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **6.917** | **671** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 5.630 | 1.891 |
| Материјални средства во подготовка | - | 0 | 861 |
| **Вкупно постојани средства** | | **5.630** | **2.752** |
| **Вкупна актива** | | **12.547** | **3.423** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 4.214 | 537 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 941 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 30 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.4. | 1.298 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.5. | 5 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **6.488** | **537** |
| **Долгорочни обврски** | | **429** | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 5.630 | 2.886 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **5.630** | **2.886** |
| **Вкупна пасива** | | **12.547** | **3.423** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **2.880** | **6** | **2.886** |
| **Зголемување по основ на:** | **3.775** | **34** | **3.809** |
| Набавки | 2.605 | 34 | **2.639** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 572 | | **572** |
| Пренос од средства во подготовка | (1.433) | | **(1.433)** |
| укажување од ревизија -усогласување и евидентирање на возило | 2.031 | | **2.031** |
| **Намалување по основ на:** | **1.025** | **40** | **1.065** |
| Отпис на капитални средства | 64 | | **64** |
| Амортизација | 568 | 40 | **608** |
| амортизација по укажување од ревизија | 393 | | **393** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **5.630** | **-** | **5.630** |